***З А П И С Н И К***

***од 50-та седница на Совет на Општина Демир Хисар***
***одржана на 22.04.2021 година***

Седницата се одржа во просториите на СОУ „Крсте П. Мисирков“ Демир Хисар со почеток во 10 часот.

На седницата присуствуваа 11 (единаесет) члена на Советот на Општина Демир Хисар од вкупно 11 (единаесет) и тоа: Благоја Станојоски, Николче Димитријовски, Валентина Ѓорѓиовска, Татјана Кочовска, Мишко Поповски, Весна Ориѓанска, Христина Бојаџиева Андреска, Александра Ѓорѓиовска Трајчевска, Добри Најдовски, Драге Пупунчевски и Марија Кочовска. Од општинската администрација присутни беа Раководителот Мише Милошевски и Катерина Радовска. На седницата присутни беа и граѓани на општина Демир Хисар Мирослав Ќадевски од Демир Хисар и Здравевски Христијан од с.Базерник со предходно најавено известување бр.17-394/1 од 21.04.2021 година.

Записникот го водеше Виолета Пајковска.

Претседателот на Советот Благоја Станојоски пред да ја отвори седницата ги запозна советниците дека и за оваа седница има најавено присуство на група граѓани, при тоа упатувајќи забелешка до најавените присутни претставници во време на пандемија и со оглед на просторните услови во кои работи Советот, дополнително присутни гости не е во ред и за ова треба да се координаат советниците. Седниците се јавни не е спорно, но условите не дозволуваат присуство на поголем број на лица во салата поради просторот. За присуството реагираше и советникот Мишко Поповски побара образложение зошто се присуствува на секоја седница која е целта. Со тоа што се дозволува присуство на повеќе лица правиме прекршок. Од страна на советниците беше одлучено оваа седница да присуствуваат, но за наредни седници да се направат предходни консултации меѓу советничките групи. Претседателот на Советот Благоја Станојоски ја отвори седницата.

-Усвојување на записник од 49-та седница на Совет на општина Демир Хисар
По записникот забелешка имаше советничката Валентина Ѓорѓиовска во точка 8 во дискусијата за изготвување на образложени и доставување до Советот се однесува само за СОУ „Крсте П. Мисирков“ а не за сите училишта како што стои во записникот.
По записникот немаше забелешки со 11 „за“ беше усвоен

На седницата се расправаше по следниот

Дневен ред

1. Донесување на Одлука за одобрување на под-проектот локален пат Р29371, Слоештица, Општина Демир Хисар како приоритетна инвестиција.
2. Донесување на Одлука за давање согласност и овластување за потпишување на Договор за имплементација за под-проект локален пат во с.Слоештица, Општина Демир Хисар, во согласност со Договорот за заем за финансирање на Проектот за поврзување на локални патишта помеѓу Република Северна Македонија и Меѓународната банка за обнова и развој - Светска Банка со број 9034-МК од 23.12.2019 година и во согласност со Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за алоцирање на средства од Договорот за заем за Проект за поврзување на локални патишта („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.33 од 10.02.2020 година) како и во согласност со Меморандумот за разбирање бр. 12-266/3 од 02.03.2020 година.
3. Донесување на Одлука за пристапување кон измени и дополнување на Статутот на општина Демир Хисар.

4. Донесување на Одлука за давање согласност на измени и дополнување на Годишен план за вработување на општина Демир Хисар за 2021 година.
5. Донесување на Одлука за утврдување на почеток и завршеток на работното време во ЈОУДГ „Втори Септември“ Демир Хисар.
6. Разгледување на барање за поддршка за олимпијата по хемија поднесено од Сојуз на хемичарите и технолозите на Македонија.
7. Разгледување на барање за финансиски средства за печатење на монографија поднесено од проф.д-р Менде Солунчевски
8. Предлози и прашања

Претседателот на Советот Предложениот Дневен ред го стави на расправа, при тоа предложи дополнување на Дневниот ред со уште една точка Разгледување на барање за финансиски средства за печатење на монографија поднесено од проф.д-р Менде Солунчевски, барањето е доставено до Советот се работи за монографија „Развој на валавичарството во Вирово во 20 век како посебен вид на претприемништво и семеен бизнис“. Забелешки немаше. За усвојување на Дневниот ред со дополнувањето гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 1. Одлука за одобрување на под-проектот локален пат P29371, Слоештица, Општина Демир Хисар како приоритетна инвестиција***

За Одлуката за одобрување на под-проектот локален пат P29371, Слоештица, Општина Демир Хисар како приоритетна инвестиција објаснување имаше претставникот Мише Милошевски. Советникот Мишко Поповски праша за динамиката кога ќе биди реализиран проектот најрано можен рок или најкосно до кога. Претставникот Мише Милошевски објасни најкасно треба да се реализира пред завршување на градежната сезона некаде околу Ноември месец. Советничката Валентина Ѓорѓиовска праша дали општината ќе се задолжува за реализација на овој проект, а советничката Марија Кочовска праша за надзорот кој ќе го врши општината. Раководителот Мише Милошевски објасни општината нема да се задолжува, доколку има потреба од дополнителни средства за дозавршување на проектот ќе се земат од средствата кои се обезбедени за општината од Светска банка. Додека на за надзорот над изградбата ќе го врши фирма избрана на тендер, а општината има право да врши увид над работата, но не смее да одлучува. Советникот Драге Пупунчевски праша на кој дел од патот односно од каде ќе се врши реконструкција, а советникот Мишко Поповски праша дали ќе се задржи постоечката состојба, бидејќи до каменоломите патот е со поголема широчина, а после тоа до селото е потесен. Исто така праша дали во изградбата може да се вклучат и каменоломите со своја помош, бидејќи тие се корисници на тој дел и тие го оптоваруваат патот со возилата. Претставникот Милошевски објасни од раскрсницата кај чешмата до селото Слоештица ќе се врши реконструкција на патот, а делот кај каменоломите ќе се задржи постоечката ширина и во тој дел ќе биди со повеќе заштита заради оптеретеноста, а после тоа до селото ќе биди друга конструкција. Каменоломите не учествуваат, бидејќи тие си плаќаат такси за користење на патиштата, ние не можиме да му забраниме да го користат тој пат, но можи да се реагира доколку ја надминуваат дозволената носивост. Дискусијата беше исцрпена. За донесување на Одлуката гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 2. Одлука за давање согласност и овластување за потпишување на Договор за имплементација за под-проект локален пат во с.Слоештица, Општина Демир Хисар, во согласност со Договорот за заем за финансирање на Проектот за поврзување на локални патишта помеѓу Република Северна Македонија и Меѓународната банка за обнова и развој - Светска Банка со број 9034-МК од 23.12.2019 година и во согласност со Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за алоцирање на средства од Договорот за заем за Проект за поврзување на локални патишта („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.33 од 10.02.2020 година) како и во согласност со Меморандумот за разбирање бр. 12-266/3 од 02.03.2020 година***

За Одлуката за  давање согласност и овластување за потпишување на Договор за имплементација за под-проект локален пат во с.Слоештица, Општина Демир Хисар, во согласност со Договорот за заем за финансирање на Проектот за поврзување на локални патишта помеѓу Република Северна Македонија и Меѓународната банка за обнова и развој - Светска Банка со број 9034-МК од 23.12.2019 година и во согласност со Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за алоцирање на средства од Договорот за заем за Проект за поврзување на локални патишта („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.33 од 10.02.2020 година) како и во согласност со Меморандумот за разбирање бр. 12-266/3 од 02.03.2020 година објаснување имаше претставникот Мише Милошевски. Дискусија немаше. За донесување на одлуката гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 3. Одлука за пристапување кон измени и дополнување на Статутот на општина Демир Хисар***

Одлуката за пристапување кон измени и дополнување на Статутот на општина Демир Хисар беше усвоена од Статутарно правната комисија објасни Претседателот на комисијата Марија Кочовска. За одлуката објаснување имаше претставникот Катерина Радовска. Измените и дополнувањето на Статутот се однесуваат на Локален младински совет. Во Статутот е регулирано тоа, но според стариот закон ова тело се вика Совет за млади, а согласно новиот закон тоа Локален младински совет и има некои измени на основа на што треба да направиме услогласување. Потоа детатлно се осврна кој делови од Статутот се променуваат. Советничката Марија Кочовска во својата дискусија забележа за измените кои се прават има недоречености, потоа упати забелешка околу начинот на избор на телото, потоа предложи да биде вклучен и советник така ќе има повеќе активности, бидејќи и сега има формирано тело но нема никакви активности. Советничката Валентина Ѓорѓиовска се согласи дека законот има недоречености како Советот ќе ги разрешува кога не ги именува. Потоа направи детално разјаснување околу постапката за избор на Иницијативен одбор и Локален младински совет. Постои недореченот и неусогласеност и тоа не можи да биди така во Статутот. Во Статутот треба да биди јасно и прецизно кажано. Со тоа што Советот го верификува мандатот на членовите се смета дека ги избира. Потоа додаде членот 6 треба да биди појасен. Советникот Мишко Поповски стави забелешка при изборот на Иницијативниот одбор како може да учествува политички партии, тоа треба да се избриши да не се меша политиката со младите. Сега тоа ќе помини и ќе се избира тело од позицијата и пак нема да функционира и сега е така цело тело е од позицијата  и не функционира. Не е проблем што нема советник вклучено,  нема надоместок и проблем е политиката што е вклучена. Во вакви тела треба да учествуваат средношколци, студенти, млади никако политички партии. Претставникот Катерина Радовска објасни ние само правиме усогласување на Статутот со одеребдите на Законот не можиме да изоставиме или да додаваме. Советниците се согласија да се доработи и да се достави за наредна седница да биди јасно и прецизно кажано. Советникот Мишко Поповски додаде ако можи да стои да има претставник од студенти, од средношколци од млади од спортот, а никако од политички партии.  Со вака искажаните забелешки советниците едногласно со 11 „за“ се согласија одлуката да се одложи за наредна седница да се доработи и допрецизира.

***ТОЧКА 4. Одлука за давање согласност на измени и дополнување на Годишен план за вработување на општина Демир Хисар за 2021 година***

За одлуката за давање согласност на измени и дополнување на Годишен план за вработување на општина Демир Хисар за 2021 година објаснување имаше претставникот Катерина Радовска. Советничката Весна Ориѓанска праша дали има некој со договор кој работи на тоа место. Претставникот Катерина Радовска објасни да има, кафекуварот се пензионира на негово место се планира вработување. Советникот Мишко Поповски додаде не сум против вработувања, каде што има потреба и има ефект од тоа вработување, а секаде каде нема потреба, а се вработува не е добро. Општината стана биро за вработување има 65 вработени во општината на 4.000 жители, а порано четворица вработени на 10.000 жители. Да се вгработува кафекувар, па ако има гости секретарката ќе свари кафе, дури и забрането е таков кадар кафекувар, пред некоја седница две вработувања, после три вработувања финансиски општината нема да може да издржи, нама да

опстои ќе немаме општина, таа не е биро за вработување. Советничката Весна Ориѓанска праша дали има хигиеничар, а советникот Мишко Поповски праша кого ќе го служи кафекуварот. Дискусија повеќе немаше. За донесување на Одлуката гласаа 6 „за“, 3 „против“ 2 „воздржани“.

***ТОЧКА 5. Одлука за утврдување на почеток и завршеток на работното време во ЈОУДГ „Втори Септември“ Демир Хисар***

За Одлуката за утврдување на почеток и завршеток на работното време во ЈОУДГ „Втори Септември“ Демир Хисар Претседателот на Советот Благоја Станојоски објасни нема присутен претставник со оваа одлука само се потврдува почетокот и завршетокот на работното време. Советничката Александра Ѓорѓиовска Трајчевска рече имам прашање, но бидејќи нема присутен претставник нема кој да ми одговори. Има потреба од отворање втора смена, едно време тоа беше актуелно, но нема ништо од тоа, затоа ќе гласам воздржано. За дискусија повеќе не се јави никој. За донесување на одлуката гласаа 10 „за“ 1 „воздржан“.

***ТОЧКА 6. Разгледување на барање за подршка за олимпијата по хемија поднесено од Сојуз на хемичарите и технолозите на Македонија***

Во врска со барањето за подршка за олимпијата по хемија поднесено од Сојуз на хемичарите и технолозите на Македонија Претседателот на Советот Благоја Станојоски објасни ова барање беше разгледано на предходната седница, но не се донесе одлука сега се става по втор пат. Со градоначалникот е разговарано во рамките на можностите општината можи да обезбеди 30.000 средства. Советникот Мишко Поповски праша дали оваа година има ученици кои ќе учествуваат на олимпијадата. Советничката Валентина Ѓорѓиовска објасни последниве години имавме двајца ученици кои учествуваа и постигнаа одлични резултати, сега се на факултет. Оваа година малку се одложени натпреварите, но има ученици кои се надежни и можи да стигни да учествува на олимпијата. Од досегашната соработка сме многу задоволни многу се вложува во децата и има резултати. Сојузот се финансира на ваков начин. Советникот Мишко Поповски истакна ако има наши ученици кои учествуваат на натпревари да се даде финансиска помош, ако не постојано финансираме некој здруженија кои не се од општината, кога се случило некоја друга општина да подржи проект на здруженија од нашата општина. Не сум против, но ако се работи за наши деца и да му се помогне на децата, а не на здружението. Во иднина предлагам средствата да му се дадат дирекно на учесниците. Ако има наш претставник 20.000 да му се даде на здружението, а другите средства на учесникот. Ако ние одобриме 30.000 општина Битола соодветно на буџетот треба да одобри 600.000 и тоа така треба да се гледа. За да нема злоупотреби ќе дадам подршка, но сепак сметам дека треба да се даде дирекно на ученикот. Советничката Марија Кочовска додаде со овие средства се помага здружението, за да ги спремаат учениците. Советничката Валентина Ѓорѓиовска дополни предходната година од четворица натпреварувачи двајца беа од нашата општина, и професорите многу вложија во нив работеа со нив и имаше резултат. Овие средства не се залудно дадени ова здружение навистина вложува многу и овие средства му се потребни за набавка на потребни хемикалии и опрема за престојните експериментални вежби со учениците за учество, за да се платат карти на учесниците за натпревари. Нема штета ако се вложува во науката, државата не вложува во овие здруженија, зошто ние да не сме една од општините кои вложува во науката. Ако некоја спорска екипа постигни резултат кога се враќаат на аеродром ги пречекуваат со најголеми почести, а кога вакви талентирани ученици кои донесле два бронзени медали на светска олимпијада ќе се вратат незабележани никој не ги пречекал. Советникот Мишко Поповски објасни спорските натпревари имаат поинаков карактер самиот натпревар има активност движење има промет од економски аспект има придонес. Конкретно за ова се согласувам да се одобрат и 100.000 ама ако има наш учесник и нему да му се дадат средствата. Премногу одобривме средства на здруженија, невладини и какви не барања. Дискусија повеќе немаше. За предлогот на здружението да му се одобрат 30.000, ако има претставник од општионата да му се одобрат средства на учесникот гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 7. Разгледување на барање за финансиски средства за печатење на монографија поднесено од проф.д-р Менде Солунчевски***

За барањето за финансиски средства за печатење на монографија поднесено од проф.д-р Менде Солунчевски Претседателот на Советот Благоја Станојоски објасни до Советот има доставено барање за финансиска помош за печатење на монографија „Развојот на валавичаството во Вирово во 20 век како посебен вид на претприемништво и семеен бизнис“ од Менде Солунчевски. Со градоначалникот е разговарано општината можи да одобри 60.000. Советникот Мишко Поповски во својата дискусија истакна предходно 70.000 за печатење на книга сега 60.000 за овие години од мандатот цел општински буџет потрошивме за вакви работи и никаков бенефит од тоа. Потоа предложи додека трае пандемијата со ковид вирусот да се замрзнат да не се исплаќаат сите вакви барања. Откако ќе помини кризата со пандемијата нека се исплатат. Четири години само барања се поднесуваат. Советничката Марија Кочовска предложи мора да има критериуми правилник да се знае колку средства можи да се одобрат зависно од книгата колку страници ќе биди. Советникот Мишко Поповски додаде општината не е банка за овие четири години ако се соберат сите средства кои се одобренби за вакви намени ќе се асфалтираше патот до Доленци. Ќе му текне на некој поднесол барање дајте средства нека достави фактура да се плати по факура, а не на лична сметка. Сега во овие услови не е момент за вакви исплати. Се работи за физички лица, на наредна седница сигурно ќе има уште. 60 до 70 % се доделуваат на лица кои и не живеат во Демир Хисар, дали сме провериле што е направено со тие средства. Советничката Марија Кочовска додаде сигурно има покритие тие не се само така дадени средства. Советникот Драге Пупунчевски праша прво дали има средства во општината, ова барање е од физичко лице исто како и за Шундовски и тогаш бев против. Си седнал си напишал книга дајте сега средства, на чија иницијатива пишувал, после тоа ќе ја продаваат книгата. Советникот Мишко Поповски додаде треба да се достави финансиска конструкција, да има 300 примероци општината ќе му ги финансира, а после тој ќе ги продава пример по 10 евра 500 книги ете 5000 евра, после треба да и врати на општината парите што му ги дала. Немаме извештај од комисија колку средства и таму се потрошиле. Дискусија повеќе немаше. Претседателот на Советот Благоја Станојоски предлогот 60.000 го стави на глчасање. За предлогот гласаа 5 „за“ 2 “против“ 4 „воздржани“.

***ТОЧКА 8 Предлози и прашања***

Советникот Мишко Поповски констатира сами ова си го направивме не сум против, штом се одобри за Шундосвки требаше и сега да се одобрат, но предлагам да се замрзант исплатите за сите одобрени средства додека трае пандемијата.

Советникот Драге Пупунчевски додаде треба да се прекини со вакви исплати.

Советничката Валентина Ѓорѓиовска упати забелешка зошто сеуште нема доставено до советниците образложение за потрошениет средства за СОУ „Крсте П. Мисирков“ Демир Хисар како што беше побарано кога се носеше завршната С,етка.

Исто така побара снимки од седниците на Совет кои се снимаа.

Дневниот ред беше исцрпен, Претседателот на Советот ја затвори седницата.

**Бр.17- 381/2**
**22.04.2021 година**
**Демир Хисар**

**Совет на Општина Демир Хисар**
**Претседател,**
**Благоја Станојоски с.р.**